Друштво за менаџмент и консалтинг
АМЕРИКАН КОЛЕЏ ДОО
Бр. 09 - 708
25. 07 2006 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
И НАУКА
Број: 12-1266/5
25.07.2006
Скопје

Врз основа на член 46 став 2, од Законот за Високото образование на Република Македонија, (Службен весник на РМ, број 64/2000 и 49/2003), Министерството за образование и наука донесе:

# РЕШЕНИЕ

## За почеток со работа на приватната високообразовна установа,

## УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите пропишани со Законот за високото образование во Република Македонија и дека може да почне со работа приватната високообразовна установа, УНИВЕРЗИТЕТ - АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ, со седиште на улица Трета Македонска Бригада бб, Скопје Македонија со следните факуллтети
    - Факултет за деловна економија и организациони науки
    - Факултет за политички науки
    - Факултет за странски јазици
    - Факултет за јавна администрациа
    - Висока скола за архитектура и дизајн
    - Висока школа за компјутерска техника и информатика
2. Решението влегува во сила со денот на неговото донесување

Образложение:

Одборот за акредитација на високото образование, врз основа на членовите 26 и 42 од Законот за високо образование на Р. Македонија, донесе Решение за прифаќање и реализација на Проектот за основање на високообразовна установа Универзитет Американ Колеџ, (во понатамошен текст Американ Колеџ), во Скопје.

Основачот на приватната високообразовна установа, друштво за менаџмент и консалтинг, Американ Колеџ Доо Скопје, по извршените подготовки пропишани со нормите и стандарди за основање на установа за високо образование, достави писмено

барање до Министерството за образование и наука за остварување увид на исполнување на условите за почеток со работа на Американ Колеџ согласно со членовите 46 став 1 од Законот за високо образование.

Трочлена комисија формирана со решение на Министерството за образование и наука на 24.07.2006 година изврши увид со цел да се утврди исполнетоста на условите пропишани со Законот за високото образование и нормите и стандардите пропишани за ваква дејност. Комисијата утврди исполнетост на условите за почеток со работа на Американ Колеџ во Скопје согласно со членовите 35 и 46, став 3 од Законот за високо образование, како и согласно со правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовна дејност (службен весник на РМ 33/03).

При увидот, комисијата го имаше во предвид и решението за прифаќање и акредитација на проектот за основање на Универзитет Американ Колеџ и поднесе извештај до Министерот за образование и наука на РМ.

Комисијата констатира дека согласно член 11 од Решението за акредитација, сите права и обврски за обавување на додипломски и последипломски студии, кои претходно ги има стекнато Факултетот за деловна економија и организациони науки, целосно се пренесуваат на Универзитетот Американ Колеџ. Ова се однесува на претходно донесената финансиска гаранција, како и на изборот во наставни и научни звања, спроведени на Факултетот за деловна економија и организациони науки.

Со оглед дека Американ Колеџ Скопје достави нова дополнителна финансиска гаранција, како и со оглед на тоа дека е извршен избор на најмалку три соработници за првата и втората година од студии и дека се исполнети другите услови потребни за почеток со работа утврдени со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високо образовна дејност, како и решението за прифаќање на акредитацијата на проектот за основање, се одлучи како диспозитивот на ова решение.

Доставено до:

- Основачот на проектот "Американ Колеџ Скопје" и
- Архивата на Министерство за Образование и Наука на Р. Македонија

Министер
Д-р АЗИЗ ПОЛОЖАНИ